Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС Скопје
Бр. 94/0306
18.05 20 23 год.
Скопје

Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на седницата одржана на 25 април 2023 година, врз основа на примена жалба од Здружението за сексуални и родови малцинства скопски „КВИР ЦЕНТАР“ ја донесе следната:

# О Д Л У К А

**ЖАЛБАТА СЕ ОТФРЛА КАКО НЕОСНОВАНА**

**Комисијата одлучи дека жалбата за текстот насловен „Од мајка ми добив благослов за Џејсон: Васил Гарванлиев искрено за партнерот со кој живее во Чикаго и новата песната ‘Ритам’“, е неоснована.**

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

## ЖАЛБА

До извршната канцеларија на Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на 23-ти март 2023 година, Здружението за сексуални и родови малцинства скопски „КВИР ЦЕНТАР“ поднесе жалба за текстот со наслов „Од мајка ми добив благослов за Џејсон: Васил Гарванлиев искрено за партнерот со кој живее во Чикаго и новата песната Ритам“, објавен на 5 декември 2022 година на интернет – порталот „Женски магазин“ (zenskimagazin.mk).

Во жалбата се наведува дека текстот ги прекршил членовите 3, 4, 6 и 9 од Кодексот на новинарите на Македонија.

Според жалитетот, Интернет порталот „Женски Магазин“ со спорниот текст предизвикал низа коментари на читатели кои се навредливи и може да се квалификуваат како говор на омраза. Поконкретно, во текстот се објавени две фотографии, на едната е македонскиот пејач Васил Гарванлиев со својот партнер, а на другата покрај нив е и мајката на пејачот. Притоа, објавен е и текстот: „Од мајка ми добив благослов за Џејсон: Васил Гарванлиев искрено за партнерот со кој живее во Чикаго и новата песната ‘Ритам’“. Под текстот и фотографиите оставени се низа реакции и коментари со говор на омраза преку Интернет. Некои коментари се однесуваат генерално на пејачот и партнерот поради нивната сексуална ориентација, а некои содржат и закани по нивниот живот, но и по животот на мајката на пејачот Гарванлиев„.

Во жалбата се наведува и дека во својата судска пракса за содржини со говор на омраза на Интернет, Европскиот суд за човекови права нагласува дека коментарите квалификувани како говор на омраза не можат да бидат заштитени со членот 10 од Европската конвенција за човекови права. Се посочуваат посебно пресудите: „Делфи АС против Естонија“ (Delfi AS v. Estonia[1]) и „Беизарас и Левицкас против Литванија“ (Beizaras and Levickas v. Lithuania[2]).

## ОДГОВОР НА МЕДИУМОТ

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со членот 14 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби, по приемот и разгледување на жалбата, стапи во контакт со интернет – порталот „Женски магазин“ и побара да се изјасни по однос на наводите на жалбата.

Медиумот не одговори на наводите на жалителот.

---

[1] Достапно на: https://hudoc.echr.coe.int/fre#{%22itemid%22:[%22002-8960%22]}
[2] Достапно на: https://hudoc.echr.coe.int/fre#{%22itemid%22:[%22001-200344%22]}

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

## ОДЛУКА НА КОМИСИЈАТА ЗА ЖАЛБИ

Комисијата за жалби едногласно утврди дека жалбата е НЕОСНОВАНА бидејќи е доставена после предвидениот рок за доставување жалба.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ОДЛУКАТА

На седницата на 25 април 2023 година, членовите на Комисијата за жалби ги разгледаа наводите на жалителот и извршија увид во спорната содржина.

Комисијата одлучи дека нема мандат да расправа за текстот „Од мајка ми добив благослов за Џејсон: Васил Гарванлиев искрено за партнерот со кој живее во Чикаго и новата песната Ритам", бидејќи жалбата за овој текст е доставена по утврдениот рок.

Имено, според Правилникот за работа на Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите, Комисијата разгледува и одлучува за жалби што се доставени во рок од 30 дена по објавувањето на спорната медиумска содржина.

* * *

Во согласност со наведеното, Комисијата одлучи како што е погоре наведено.

Во работата на Комисијата учествуваа членовите Мирче Адамчевски, Сефер Тахири, Мери Јордановска, Теофил Блажевски, СнежанаТрпевска, Ердем Ахмет и Димитар Мицев.

Се обврзува „Женски магазин", во согласност со членот 18 од Деловникот за работа на Комисијата за жалби, да ја објави оваа одлука.

Со почит,
Совет за етика во медиумите на Македонија

Претседател на Комисијата за жалби
Мирче Адамчевски

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595